РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**ОПШТИНА БИТОЛА**

| Примено: | 20-11-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 134 | | |

[redacted]

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

[redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: /

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

[redacted] А.бр.11811/20 и 13550/20, Ве контактира со цел добивање одговори на следните прашања:

1. Кои активности се досега преземени од страна на општина Битола со цел извршување на Пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Елмазова и други против Северна Македонија А.бр.11811/20 и 13550/20?.
2. Дали општина Битола досега има направено измена на Правилникот за упис на ученици во прво одделение и Правилникот за реонизација?. Доколку да, замолуваме копија од истите.
3. Дали општина Битола досега има донесено Акциски план за решавање на прашањето на сегрегација во основните училишта во Битола и План за десегрегација на ООУ „Ѓорѓи Сугарев" – Битола?. Доколку да, замолуваме копија од истите.
4. Кои други активности се преземени или се планирани од страна на Општината со цел спречување на натамошна сегрегација во општинските основни училишта?. Замолуваме конкретни податоци.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид

- б) препис

- в) фотокопија

- г) електронски запис

- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта

- б) телефон

- в) факс

- г) е-маил

- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

[redacted]

**Во Скопје, 31.10.2023 година**

______________________

(доколку барањето се под [redacted]
форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До

Бр.11-134/2
21.11.2023

Раководител на Сектор за
Економски развој,јавни дејности
и информатичка технологија

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-134/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

21.11.2023 г.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
27-11-2023

| Примено | | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 14/3 | | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Битола,23.11.2023 год.
Бр.41-332/3

До
Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

Предмет:Одговор на Барање

Во врска со Вашиот допис Бр.11-134/2 од 21.11.2023 година за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] во врска со Пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Елмазова и други против Северна Македонија, Ве известувам дека ангажирано е лицето Огнен Спасовски консултант кој го работи планот за десегрегација на децата Роми во насока на имплементацијата и превземање на мерки за извршување на пресудата на Европскиот Суд за Човекови Права во однос на сегрегацијата на децата Роми во Битола и Штип.

Со почит,

раководител
Снежана Петровска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-134/4
27.11.2023

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **20.11.2023 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање **(Кои активности се догсега преземени од страна на општина Битола со цел извршување на Пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Елмазова и други против Северна Македонија( детален опис на барањето во прилог на Решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**
**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-134/1
2. Допис до Раководител на Сектор за Економски развој, јавни дејности и информатичка технологија со бр. 11-134/2 од 21.11.2023 год.
4. Одговор од Раководител на Сектор за Економски развој, јавни дејности и информатичка технологија.со бр. 11-134/3 од 27.11.2023 год.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 27.11.2023 година, под бр. 11-134/4

**Службени лица за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

____________________

**Евгенија Чукалева**

____________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА